*М. СОТИРОВСКА-СИРВИНИ, Љ. НАУМОВСКА,*
*В. РАЗМОВСКА, В. ВОЈНОВСКА*

# ОПФАТ НА ДЕЦА ПОПРЕЧЕНИ ВО РАЗВОЈОТ ВО УСТАНОВАТА ЗА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ НА ДЕЦАТА "ЕСТРЕЈА МАРА" ВО БИТОЛА

Установите за дневен престој на децата се облик на организирана заштита заради унапредување на психофизичкиот, емоционалниот и социјалниот развој на децата. Во овој период растот и развојот се во најинтензивна фаза кога надворешните влијанија имаат извонредна улога како во позитивен, така и во негативен правец. Насочената и добро организираната заштита има огромно значење. Со вклучувањето во групата и на деца со оштетувања и неспособност, односно попречени во развојот, се постигнува нивна социјализација и стимул за забрзување на развојот со посебен, индивидуален третман на секое дете од соодветен специјализиран кадар, со тимска работа.

**Повеќе години наназад, по препорака на Советувалиштето за развој, на лекарите од Советувалиштето за мали деца, од патронажните сестри или по иницијатива на родителите во градинките се примаат деца и со Down Syndrom, деца со гранична и лесна заостанатост, со дисхармоничен развој, со лесни форми на церебрална парализа и со говорни растројства**.

Во советувалиштето за развој се почнува со најрана хабилитација од едномесечна возраст и се третираат сé до категоризирањето и тргнувањето на училиште, но со навршување на тригодишна возраст определени деца се упатуваат во градинка.

Во изминатите години, од пет деца со Down третирани во Советувалиштето за развој во градинка престојуваа четири деца. Сега од нив едно е во петто и две во прво одделение во нормално училиште, а едно дете е во специјално.

Во градинката сé уште престојуваат три деца со спастична диплегија, четири со лесна ретардација, две со Surdomutitas и четири со дисхармоничен развој.

Од 1983 год. во градинките се вршат систематски прегледи од логопеди за откривање на говорни растројства. Од 19.233 деца за периодов досега околку 13% се со растројства. Шест логопеди ги третираат децата два пати неделно по четири часа во градинките, а потешките случаи и дополнително во Депандансот.

**Од децата со говорни растројства 43% се со обична дислалија, 11% со Интерденталeн сигматизам (најчесто заради цицање цуцла или прсти), 10% со дислалија и дислексија, дисграфија и аграматизам, 1.5% со алалија и претежно со ментална ретардација и 2% со дисартрија (balbuticio)**.

Неопходно е ангажирање на здравствените работници, психолози, дефектолози, родители и пошироката заедница за опфат на овие деца со организирана заштита заради спречување или ублажување на попреченоста во развојот, како и создавање на услови во градинките за престојување на овие деца и дополнителен специфичен третман.

*M. SOTIROVSKA-SIRVINI, Lj. NAUMOVSKA,*
*V. RAZMOVSKA, V. VOJNOVSKA*

## INCLUSION OF CHILDREN WITH DEVELOPMENTAL DISORDERS IN DAY CARE INSTITUTION ESTREA MARA IN BITOLA

The Day Care Institutions for children are forms of organized protection for improvement of the psycho-physical, emotional and social development of children. In this period, the growth and development are in their most intensive phase when the outside influence plays an extraordinary role both in a positive and in negative a direction. Directed and well-organized protection is of a great importance. By inclusion of children with developmental disorders in the group and with special, individual treatment of each child by adequate specialized staff, their socialization and stimulus for developmental acceleration is achieved.

Many years ago, by recommendation of the Advisory Institution for Development, the doctors from the Advisory Institution for small children, the public-health nurses or by the parents initiative, the kindergartens accept children with Down syndrome, children with limited and lower level backwardness, with disharmonious development, with lower level forms of cerebral paralysis and with speech disorders.

Children at the earliest age of one month are resided at the Advisory Institution for Development and receive treatment until they are cathegorized and are ready to start school, but certain children are sent to the kindergartens at the age of 3.

In the previous years, out of five children with Down syndrome treated in the Advisory Institution for Development, four were sent to the kindergarten. Now, one of these children attends the fifth grade and two attend the first grade in a regular elementary school and one attends the special school.

Three children with Spastic diplegia, four children with lower level of retardation, two with Syndromutitas and four with disharmonious development are still in the kindergarten.